**ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ**
**ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА**
**ASSOCIATION OF MACEDONIANS IN REPUBLIC OF CROATIA**
CROATIA, ZAGREB, Masarykova 16/1, tel/fax: + 385 1 48 72 655; OIB: 07739533563; MB: 3805760;
Žiro račun: 2340009 – 1100038804; Devizni račun: 703000 – 256122; IBAN: HR60 2340 0091 1000 3880 4;
SWIFT: PBZGHR2X; www.zmurh.hr ; e-mail: info@zmurh.hr ; zajednica.makedonaca1@zg.t-com.hr

Урброј: ЗМ – 89 – 1/2010
Загреб, 20. 11. 2010.

# З А П И С Н И К

**од 8. седница** на Управниот одбор на Заедницата која се одржа на ден **20.11.2010. година** со почеток во **12.30 часот** во просториите на Заедницата на Македонците во РХ, во **Масарикова 16/1, Загреб**.

**Присутни:** А. Митревски – претседател на Заедницата, Ј. Цветичанин – Осиек, Н. Гроздановски – Загреб, М. Мајиќ – Задар, Б. Штерјов – Загреб и И. Дуноски – Риека.

**Гости:** Е. Петровска – секретарка на Заедницата, Т. Брдарски – Пула, Д. Грнчароски – член на НО на Заедницата и Мирослав Димитриевски од Пула.

Седницата ја водеше претс. на УО на Заедницата, А. Митревски. По утврдувањето дека на седницата присуствува доволен број членови за донесување правно важечки одлуки, тој ги поздрави сите присутни, го прочита дн. ред за истата и членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија**, па седницата продолжи со работата по следниов:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување на записникот од 7-та седница на УО;
2. Информатор за план и програма на активностите на друштвата за изминатиот период од претходната седница до денес и за период од 01.10.-31.12.2010.– друштвата се должни својот информатор да го поднесат пред седницата по електронска пошта;
3. Усвојување на „Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava Zajednice za razdoblje od 01.01.-31.10.2010. godine“ со трошковниците, патните налози и авторските хонорари;
4. Договор околу реализацијата на програмите во 2010 година и усвојување на донесените одлуки;
5. Договор за План и програма на работа за 2011 година до Советот за национални малцинства на РХ од Заедницата и Друштвата и усвојување на донесените одлуки;
6. Именување на инвентурна комисија која ќе спроведе инвентура за имотната состојба на Заедницата за 2010 година и ќе направи записник;
7. Разно.

**Ад. 1.** За записникот од 7. седница, Ј. Цветичанин даде забелешка под точката Ад. 3. во реченицата „Поради тоа, го замоли претседателот да не доаѓа на есен во Ѓаково за изложбата на А. Ј. Цане, како ни на „Деновите на македонската култура“ во Осиек, бидејќи тие не се манифестации каде неговото присуство е неопходно, а и ќе се заштеди на средствата.“, да се додаде зборот „јубилејни“ пред зборот „манифестации“, а И. Дуноски даде забелешка под точката Ад. 3. на крајот од реченицата „По расправата, членовите на УО со јавно гласање едногласно го усвоија Полугодишниот финансиски извештај заедно со трошковниците, патните налози и авторските хонорари.“ да се додаде „со забелешка дека материјалите не беа доставени на време и дека тоа во иднина не смее да се повтори“, па членовите на УО со јавно гласање едногласно го усвоија записникот од 7. седница со таа корекција (прилог).

**Ад. 2.** Информаторот беше подготвен и проследен по електронска пошта од сите друштва и Заедницата (прилог). На барање од И. Дуноски, претседателот А. Митревски ја појасни точката 14. од Информаторот на Заедницата. Бидејки некои Информатори беа проследени ден пред седницата, на предлог на Ј. Цветичанин, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ја донесоа следната одлука:**

- Информаторот во иднина (најкасно три дена пред седницата – до среда) да се подготви и проследи по електронска пошта до Заедницата, која во четврток ќе го проследи на сите друштва и Амбасадата.

**Ад. 3.** За овогодишниот квартален Извештај претседателот Митревски рече дека Советот за национални малцинства на РХ не го бараше на увид, додека „Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava Zajednice za razdoblje od 01.01.-31.10.2010. godine“ е уредно изработен за потребите на Заедницата (прилог). Н. Гроздановски зборуваше за неадекватната поделеност во застапувањето на Заедницата помеѓу претседателот и потпретседателите и за квалитетот и финансиите на програмите и манифестациите кои се на ниво на Заедницата. Во врска со летното училиште на Шолта, претседателот Митревски појасни дека се пријавија поголем број на деца, па и трошоците беа зголемени за 15.000,00 кн., но дека тој износ ќе биде накнадно исплатен од Министерството за наука, образование и спорт на РХ. За проектот „Се запознаваме со нашето потекло“ од МНР на РМ исплатен е само авансот, а остатокот се очекува да и се уплати на Заедницата до крајот на оваа година. Тој рече дека со одобрение на Советот, реализирана е уште една манифестација на ниво на Заедницата, „Денови на македонската култура во Истра“, за да се искористат средствата кои не им беа исплатени на МКД „Кочо Рацин“ од Пула. Исто така, тој нагласи дека преостанатите средства од трансферот кон МКД „Кочо Рацин“ не е возможно да се им исплатат поради нивната блокирана сметка, па останува тие средства (околу 20.000,00 кн.), или да се вратат на Советот по нивно барање, или да се пренаменат со одобрение на Советот. Но, сепак, за да се сочува активноста на Македонците во Истра, престедателот Митревски даде предлог идната година во програмите на ниво на Заедницата да влезат и програмите на МКД „Кочо Рацин“. Потоа, Е. Петровска накусо ги информира присутните за финансиската состојба на Заедницата. Меѓу другото, таа рече дека сметката од Црвениот крст на Риека за манифестацијата „Илинден 2010“ за ноќевањето на КУД „Негорци“ од РМ сѐуште не е подмирена, бидејќи износот е повисок за 5.775,31 кн. од средствата добиени за таа намена. Исто така, таа рече дека со патниот налог бр. 48-140/10 од 26.10.2010 година кој гласи на Ангел Митревски за службено патување од Сплит за Загреб со причина контрола на реновирањето на Заедницата во вкупен износ од 1.370,00 кн., всушност се покрија трошоците за генералното чистење на просториите по реновирањето и поправките на расипаната телефонска и интернет линија.

Е. Петровска напомена дека реновирањето на Заедницата беше завршено во предвидениот рок и без организациски проблеми, но со додатни вонредни трошоци кои не беа предвидени во планот на работите, а кои го зголемија вкупниот износ на околу 50.000,00 кн., така да не останаа средства за набавка на нов компјутер. Затоа таа повторно апелираше за изнаоѓање донации за Заедницата кои би ја олесниле глобалната парична криза, а со тоа и работата на Заедницата и друштвата. На предлог на И. Дуноски, членовите на УО со јавно гласање **со 4 (четири) гласа за, 1 против и 1 воздржан, донесоа одлука:** патниот налог бр. 44-130/10 од 09.10.2010 година кој гласи на Ангел Митревски за службено патување од Сплит за Мостар по повод отворањето на новото МКД „Вардар" во Мостар во вкупен износ од 785,00 кн., не се признава, поради неправовремено добивање согласност од членовите на УО на Заедницата, и тој износ Митревски мора да го врати во Заедницата. Доколку тој смета дека Р. Македонија или од МКД „Вардар" имаат корист од ова негово службено патување, треба од нив да бара да му ги покријат трошоците. Претседателот Митревски ги информираше присутните дека финансирањето на Заедницата преку Советот во овие неколку години е сè поскромно и дека треба да се бараат и други извори на финансирање, како што е предлагање проекти кон фондовите на Европската Унија. Тој рече дека е подготвен да проба да направи таков проект, доколку членовите на УО на Заедницата му одобрат 10% од средствата кои би биле одобрени за проектот. Тие средства би биле наменети за неговиот труд во својство на водител на проектот. Овој предлог останува отворен на размислување на членовите до идната седница. По расправата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија** финансискиот Извештај „Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava Zajednice za razdoblje od 01.01.-31.10.2010. godine", заедно со трошковниците, патните налози и авторските хонорари.

По оваа точка членовите на УО направија куса пауза.

**Ад. 4.** Б. Штерјов зборуваше за организацијата на „Рацинов ден" во Самобор што ќе се одржи на 27 ноември. Ј. Цветичанин зборуваше за одржаните „Денови на македонската култура" во Осиек. Спомена и дека е важна и донацијата од Институтот за македонски јазик на РМ од по 130 тома книги од македонската книжевност и култура за факултетите во РХ коишто имаат катедра за македонски јазик. Претседателот Митревски рече дека има македонски филмови за „Деновите на македонскиот филм", така да кој од друштвата треба филмови, тој ќе им обезбеди. Што се однесува до организацијата и распределбата на трошоците за манифестацијата „Ден на Заедницата" **се одлучи** следното: Ќе се одржи на 05 декември во салата на Чешка беседа во Загреб со почеток во 17 часот, а салата се резервира од 15 до 20 часот за износ од 1.100,00 кн.; Програмата да не биде подолга од 90 мин. со тоа да секое друштво има 12-15 мин. за настап; Водител на програмата ќе биде Тинка Б. Крстева; Учесниците сами да си обезбедат јадење и пиење; Ј. Цветичанин се одредува за програмски координатор; Б. Штерјов се одредува да најде кој ќе биде техничко лице (М. Гиговски); Да се доделат благодарници на: МКД „Кочо Рацин" од Пула, МКД „Охридски бисер" од Загреб, Министерството за наука, образование и спорт на РМ – Управа за национални малцинства, Никола Гроздановски и на Томе Апостолоски; Поканите да се испраќаат по електронска пошта; Од вкупно 24.000,00 кн., трошоците се делат како следи: автобуси – Осиек 6.500.00, Задар 6.000,00, Сплит 8.000,00, Риека 4.000,00, Пула 5.000,00, минус 20% од друштвата + 1.100,00 сала + 300,00 цветен аранжман – се задолжува секое друштво на овие 20% да уплати уште 250,00 кн. на Заедницата. М. Мајиќ рече дека изложбата на теракотите од РМ која треба да се одржи во декември во Задар, ќе ја приклучи како дел од изложбата на ликовното творештво на македонските уметници во РХ, што се одржи на ниво на Заедницата.

**Ад. 5.** Претседателот А. Митревски ги информира присутните дека идната година повторно се очекува намалување на средствата за малцинствата. Поради блокираната сметка на МКД „Кочо Рацин“ од Пула, тој рече дека нема да им бидат одобрени средства за работа преку трансфер, па нивните манифестации треба да се предложат на ниво на Заедницата за да му се помогне на друштвото. Исто така, новоформираното друштво „Свети Кирил и Методиј“ од Пула, може само самостално да бара финансиска поддршка од Советот за своите програми бидејќи не е член на Заедницата, но Советот нема да му ододбри средства по важечките Критеруми и Методологијата за работа. Д. Грнчароски бараше појаснување за тие промени како и подетални информации за формирањето на новото друштво, бидејќи се изјасни дека не бил запознат со тоа. Претседателот А. Митревски рече дека тие две друштва правно не смеат да имаат никакви заеднички контакти иако се состојат од истите членови, бидејќи се два различна правна субјекта, а сите проблеми што ќе се јават, треба да се решат измеѓу тие две друштва по одредбите од нивните важечки Статути. Т. Брдарски рече дека новото друштво е формирано само да се спаси работата на Македонците во Истра, бидејки МКД „Кочо Рацин“ има нерешен долг кон државата поради што е и блокирана неговата сметка. Но, тоа не значи дека МКД „Кочо Рацин“ треба да се угаси. По расправата, членовите на УО со јавно гласање едногласно донесоа одлука да се предложат до Советот за национални малцинства на РХ следните програми на ниво на Заедницата за 2011 година: Информирање – Македонски глас; Издаваштво: Б. Јовановски, „Зборник на браќата Миладиновци“, Е. Петровска, книга поезија „Сјај на скршениот кристал“ и Г. Калоѓера, „Книжевна историја, национално прашање на македонскиот 19. век“; Културни манифестации: „Изложба на ликовното творештво на македонските уметници во РХ“ – Задар, „20. Денови на македонската култура – Св. Кирил и Методиј“ – Сплит, „14. Денови на браќата Миладиновци“ – Осиек, „Илинден 1903-2011“ – Риека (се задолжува А. Митревски да го организира третиот ден на фолклорот во рамките на финансиските можности на манифестацијата), „Рацинов ден“ – Загреб, „Ден на Заедницата“, „Денови на глагољашите во Истра“, „Денови на македонската култура во Истра“, „Денови на Кочо Рацин во Истра“ и „Денови на македонскиот филм во Истра“.

**Ад. 6.** Членовите на УО со јавно гласање едногласно ги донесоа следните одлуки:

- Да се направи инвентура на имовинската состојба на Заедницата во декември оваа година;
- За инвентурната комисија се именуваат: Никола Гроздановски, Виолета Штерјова, Орце Ламбевски и Елизабета Петровска.

**Ад. 7.** Под точката разно, се зборуваше за неколку теми. Претседателот А. Митревски рече дека излезе од печат книгата „Егзил во македонската книжевност“ од Борјана Прошев-Оливер. Во врска со работата на НО на Заедницата, Д. Грнчароски рече дека можеби и нема на секоја седница на УО присутен член од НО во име на штедење на патни трошоци, но сепак, континуирано се следи работата на Заедницата по материјалите од седниците на УО кои редовно им се доставувани на членовите на НО, а кога ќе се затворат книговодствените документи за календарската 2010 година, во март 2011 пред седницата на Собранието на Заедницата, ќе се изврши и увид во документите и направи службен записник. Во врска со Веб страницата на Заедницата, Е. Петровска рече дека е блокирана домената и дека моментално страницата не функционира, а сметката од одржувањето на страницата за 2010 година сѐуште не е пристигната, па со тоа ни платена на Веб мајсторот Мирослав Бертол. Н. Гроздановски рече дека не присуствувал на Годишната конференција на иселеничките организации на Агенцијата за иселениште на РМ која се

одржа на 20 и 21 јули во Скопје, бидејќи таа била два дена покасно од неговото заминување за Преспа, па затоа и не му беа исплатени трошоци во износ од 300,00 кн. Претседателот Митревски ги извести присутните за можностите на преземање на некои проекти со кои друштвата можат да си ги збогатат манифестациите – настап на КУД „Мирче Ацев“ и „Керамичар“ од Прилеп, настап на македонската етно-група „Ајдаред“, изложба на сликарот Влахо Бранцолица и на сликарот Дубравко Наумов од ЗХРМ, настап на македонскиот пејач Наум Петрески, настап на етно-групата „Синтезис“, изложба на фотографии „Мајка Тереза“ во соработка со „Обзор филм“, настап на класична музика на „Трио Џорлев“, монодрама „Александар Македонски“. Исто така, тој рече дека обезбедил до мај 2011 година, училиштата со дополнителна настава по македонски јазик да ги добијат сите потребни предмети за работа како што се географски и релјефни карти, прибори за цртање и сл., како донација од Македонија. По расправата, членовите на УО со јавно гласање едногласно ги донесоа следните одлуки:

- Се усвојува барањето на главната и одговорна уредничка на списанието „Македонски глас“, Марина Апостоловска, за исплата на износ од 350,00 кн. место досегашните 150 кн., за претплата на користење информативни агенции (прилог);
- Во иднина да се причека (максимум една недела) со печат на списанието „Македонски глас“ доколку е во прашање одржување на некоја важна манифестација на ниво на Заедницата поради вметнување прилог за истата во него;
- Се даруваат 50 примероци од најновата книга „Егзил во македонската книжевност“ на авторот Борјана Прошев-Оливер, и по 40 примероци на друштвата; продажната цена на книгата ќе изнесува 50,00 кн., а за јавен откуп до меродавните институции 110,00 кн.
- Се задолжува А. Митревски да го реши проблемот со функционирањето на Веб страницата на Заедницата во рамките на финансиските можности на Заедницата;
- Се одобрува по пола дневница на членовите на УО од Загреб и секретарот на Заедницата како трошок за седниците на УО на Заедницата што се одржуваат во Загреб.

На крајот, претседателот А. Митревски им подели македонски знамиња на друштвата и Заедницата, што ги добил како подарок од Агенцијата за иселеништво на Р. Македонија, а Ј. Цветичанин пак, и подари на Заедницата ДВД од овогодишната културна манифестација „16. Денови на македонската култура“ во Осиек.

По ова, сите теми за расправа беа исцрпени и претс. А. Митревски ја затвори седницата.

Седницата заврши во 18.30 часот.

Записничарка:

Дипл.инг. Елизабета Петровска,
секретарка на Заедницата

Претседател на Заедницата:

Дипл.инг. Ангел Митревски

ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ZAGREB
ЗАГРЕБ